# ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ПРЕКРШЕНИ ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ЗАЕДНИЦИ ПРЕКУ СТУДИИ НА СЛУЧАЈ

ПРАВДАТА НЕ Е ПРИВИЛЕГИЈА

# ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ПРЕКРШЕНИ ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ЗАЕДНИЦИ ПРЕКУ СТУДИИ НА СЛУЧАЈ

Проектот е финансиран од Европската Унија.

ЕУ со ТЕБЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

ХОПС
ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ

СТАНИЦА П.Е.Т.

Издава:
Фондација Отворено општество - Македонија (ФООМ)

За издавачот:
Фани Каранфилова–Пановска, Извршна директорка на ФООМ

Автори:
Весна Шапкоски, Извршна директорка на Здружение за правна едукација и транспарентност Станица П.Е.Т. Прилеп
Маргарита Глигуроска, правничка, ХОПС - Опции за здрав живот Скопје (ХОПС)
Милка Спировска, адвокатка, ХОПС

Уредници:
Александар Марковски, Координатор на програма – ФООМ
Христина Василевска Димчевска, Координаторка на програма - ФООМ

Лектура:
Абакус

Ликовно-графичко обликување:
Кома ДООЕЛ

Печати:
Бато & Дивајн

Тираж:
1000

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

342.72/.73-058.5(497.7)»2020/2021»(047)
343.412-058.5(497.7)»2020/2021»(047)

ШАПКОСКИ, Весна
Извештај за прекршени човекови права на маргинализираните заедници преку студии на случај / [автори Весна Шапкоски, Маргарита Глигуроска, Милка Спировска]. - Скопје : Фондација Отворено општество - Македонија = Foundation Open Society - Macedonia, 2021. - 60, 54 стр. ; 21 см

Насл. стр. на припечатениот текст: Report on human rights violation of marginalized communities through case studies / Vesna Shapkoski, Margarita Gliguroska, Milka Spirovska. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и англ. јазик

ISBN 978-608-218-367-1

1. Глигуроска, Маргарита [автор] 2. Спировска, Милка [автор]
а) Човекови права -- Прекршување -- Маргинализирани заедници -- Македонија -- 2020-2021 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 55099141

Оваа публикација е изготвена со финансиска помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Фондација Отворено општество - Македонија и на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# Користени скратеници

| | |
|---|---|
| **ГМП** | Гарантирана минимална помош |
| **ДУП** | Детален урбанистички план |
| **ЗСЗД** | Закон за спречување и заштита од дискриминација |
| **ЈУ** | Јавна установа |
| **ЈУМЦСР** | Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа |
| **КПУ** | Казнено поправна установа |
| **КСЗД** | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **МЗШВ** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **МТВ** | Македонска телевизија |
| **НП** | Народен правобранител |
| **ПО** | Подрачно одделение |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **Станица П.Е.Т.** | Здружение за правна едукација и транспарентност Станица П.Е.Т. Прилеп |
| **УВМК** | Управа за водење на матични книги |
| **ФООМ** | Фондација Отворено општество – Македонија |
| **ФЗО** | Фонд за здравствено осигурување |
| **ХОПС** | ХОПС - Опции за здрав живот Скопје |

# СОДРЖИНА

**ЗА ПРОЕКТОТ ..........................................................................6**

**1. ВОВЕД ......................................................................................12**

**2. ПРЕКРШУВАЊА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ........................................16**

Студија на случај: семејно насилство и недоверба во институциите.......................................................................17

Студија на случај: физичко и психичко насилство од клиент и непостапување од страна на полиција..................21

Студија на случај: ограничување на правото на движење . 24

**3. ПРЕКРШУВАЊА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА ЛИЦАТА КОИ УПОТРЕБУВААТ ДРОГИ ........................................28**

Студија на случај: прекршено право на здравствена заштита и еднаков пристап до правда.....................................29

Студија на случај: дискриминација при остварување на правото на приватно здравствено осигурување .................33

Студија на случај: непостапување од страна на медицински персонал од казнено – поправна установа и дискриминација ..............................................................36

**4. ПРЕКРШУВАЊА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА РОМИТЕ ........ 40**

Студија на случај: правото на лична документација на лицата кои живеат во неформални населби ........ 41

Студија на случај: правото на пристап до добра и услуги на Ромите во Општина Прилеп ........ 44

Студија на случај: правото на основно образование на децата кои наполниле 16 години ........ 47

**5. ПРЕКРШУВАЊА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА ЛИЦАТА КОИ ЖИВЕАТ ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ ........ 50**

Студија на случај: правото на државјанство на лицата кои имаат постојан престој во Република Северна Македонија ........ 51

Студија на случај: правото на правичен и соодветен откуп на земјоделски производи ........ 55

Студија на случај: правото на надоместок-субвенции од земјоделска (сточарска) дејност ........ 58

# ЗА ПРОЕКТОТ

Проектот „Пристап до правда за најмаргинализираните“, финансиран од Европската Унија, се спроведува во периодот јануари 2020 - октомври 2021 година од страна на Фондацијата Отворено општество - Македонија, ХОПС – Опции за здрав живот Скопје и Здружението за правна едукација и транспарентност Станица П.Е.Т. Прилеп.

Целта на проектот е да се овозможи заштита на човековите права преку правно зајакнување, за да се унапреди пристапот до правда на најмаргинализираните групи граѓани, со фокус на Ромите, луѓето кои користат дроги, сексуалните работници, децата и семејствата во социјален ризик и другите ранливи заедници.

Речиси целосно, проектот се имплементираше во променет контекст, поради пандемијата предизвикана од Ковид-19, и во вонредна состојба објавена од страна на Владата на РСМ. По целосното затворање и полицискиот час евидентна беше потребата на граѓаните од помош, бидејќи се соочија со голем број прекршувања на човековите права. Многу граѓани ги изгубија своите работни места, не знаеја како да поднесат барање за да го остварат правото на финансиска помош, во согласност со итните мерки на државата, и како да се заштитат од системско прекршување на нивните права.

Со цел да одговорат на потребите на граѓаните кои се соочуваа со бројни прекршувања на човековите права, ХОПС и Станица П.Е.Т., во координација со ФООМ, ја приспособија својата работа на новиот контекст преку онлајн-алатката „Повикај итна параправна помош“, веб-платформи и комуникација по теле-

фон со маргинализираните групи кои беа најпогодени од пандемијата. На овој начин беа обезбедени повеќе од 5 000 правни и параправни услуги во период од 21 месец.

Почитувајќи ги мерките на Владата за заштита од Ковид-19 беше организиран инфо-караван во 10 различни населени места. Во рамките на инфо-караванот 843 граѓани беа информирани за нивните човекови права и за тоа каде треба да се обратат доколку се соочат со прекршување. Воедно, беа организирани и едукативни сесии со граѓаните од руралните средини и од Прилеп на различни теми кои можат да им бидат од корист. Со оваа активност беа опфатени повеќе од 250 граѓани од 3 општини.

За време на пандемијата граѓаните бараа помош за решавање на правните проблеми, онлајн или по телефон, па оттука веб-страницата www.pravnozajakni.mk која беше збогатена со корисни содржини и видеа, беше посетена повеќе од 11.000 пати. Исто така, беа организирани видео и аудиоподкасти од страна на лицата кои употребуваат дроги и сексуалните работници, а со цел да се допре до овие заедници и да се поттикнат да ги пријават случаите на прекршување на човековите права.

Преку правната асистенција беа идентификувани и системски пречки во остварувањето на правата и беа поднесени 6 ургенции до надлежните министерства, кои се однесуваат на системските пречки во пристапот до правда за поголема група граѓани, и тоа до: Министерството за труд и социјална политика (за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за социјалната заштита за време на вонредна состојба), со која лицата кои ќе поднесат барање за остварување на правото на ГМП, кон барањето треба да приложат само документ за лична идентификација, додека другата потребна документација треба да ја набави подрачниот Центар за социјална ра-

бота, по службена должност. Целта на ваквата ургенција беше да се придонесе кон целосно почитување на мерките за време на вонредната состојба, да се заштити здравјето на граѓаните и реално да се олеснат економските последици по оние кои беа најпогодени од настанатата ситуација. Со поддршка од 11 други организации, фондации и мрежи, поднесена е ургенција до Министерство за образование и наука и до Центарот за образование на возрасни, за пречки во остварувањето на правото на основно образование на децата кои наполниле 16 години. Поднесена е ургенција до Владата на РСМ, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и до Државниот инспекторат за земјоделство поради недоследностите во откупот на суров тутун во лист, со што граѓаните од руралните средини од општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени, но и од други општини низ државата кои се занимаваат со производство на тутун, се оштетени, односно не можат да ги остварат своите законски загарантирани права. Писмени одговори се добиени од страна на Владата на РСМ и Сојузот на здруженијата на тутунопроизводителите, а МЗШВ и Државниот инспекторат за земјоделство веќе наредниот ден закажаа средба со тутунопроизводителите во Прилеп.

Поднесена е ургенција до Министерството за внатрешни работи и до одделенијата во негов состав: Одделот за граѓански работи и Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, поради одолжувањето на постапките за прием во државјанство (и по неколку години). Имено, откако неколку граѓани (странци) од руралните средини кои имаат постојан престој во државата повеќе од 10 години и овде имаат основано семејства се обратија за помош поради тоа што барањата за прием во државјанство ги испратиле пред повеќе години и не добиле никаков одговор на истите, беше

забележано дека ваквата практика се случува често и дека е веќе прифатена како нормална. Освен писмена реакција, овој проблем беше и медиумски актуализиран од страна на здружението. По ургенцијата се добиени писмени одговори од страна на Одделот за внатрешна контрола и Одделот за граѓански работи при МВР.

Поднесена е уште една ургенција до Министерството за правда и до Управата за водење на матичните книги, поради одолжување на постапката за скенирање на матичните книги заради електронска евиденција, така што матичните книги од УВМК ПО Прилеп беа задржани во седиштето на УВМК во Скопје речиси еден месец. Тоа доведе до застој во издавањето изводи за многу граѓани чиишто основни права зависеа од навременото издавање на овие документи и кои поради одолжувањето беа изложени на ризик да ги пропуштат законските рокови за аплицирање или жалба и да ги изгубат правата. Неколку дена по писмената реакција, матичните книги беа вратени во подрачното одделение во Прилеп.

Последната ургенција е поднесена до Владата на РСМ, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот инспекторат за земјоделство, Агенцијата за храна и ветеринарство и Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и на руралниот развој, поради надминување на законски предвидениот рок за исплата на надоместокот (субвенциите) за обележани грла добиток и пчелни семејства. Имено, законски предвидениот краен рок (30 јуни) беше надминат за повеќе од еден месец, без да има никаква најава за исплатата на субвенциите, со што беше доведена во ризик егзистенцијата и натамошната работа на сточарите во државата. Последователно, субвенциите беа исплатени по околу еден месец од поднесувањето на ургенцијата, односно во втората половина на август.

# 1

# ВОВЕД

Човековите права се основни права на секој човек со кои се здобива од раѓањето и ги ужива сè до смртта. Човековите права се гарантираат со голем број меѓународни и национални механизми и не можат да се одземат без разлика на тоа каде живее човекот, каква е неговата етничка, верска или друга припадност.

Уставот, како највисок правен акт во РСМ, ги дефинира слободите и правата на граѓаните кои можат да се надополнуваат преку ратификување меѓународни документи. Уставот дава гаранции за остварување и заштита на човековите слободи и права. Основна гаранција е можноста за заштита пред судовите и пред Уставниот суд на РСМ во постапка заснована на начелата на приоритет и итност.

Другите гаранции за заштита на човековите права кои се предвидени во Уставот се однесуваат на судската заштита на законитоста на одделни акти и активно запознавање на граѓаните со нив. Покрај овие гаранции, заштитата се остварува по пат на почитување на принципот на владеење на правото.

Уставот на РСМ ги содржи правата и слободите на граѓаните, па оттука помеѓу другите права го гарантира и правото на живот, неприкосновеноста на физичкиот и на моралниот интегритет на човекот, како и неговата слобода. Уставот ја гарантира презумпцијата на невиност и неказнивоста на лицето кое сторило кривично дело што во времето на извршување не било предвидено како такво.

Со членот 21 се гарантира слободата на движење на граѓаните на територијата на Републиката, освен кога тоа е ограничено

со закон, со потребата за заштита на безбедноста на Републиката, водењето кривична постапка или заштитата на здравјето на луѓето. Со вакво ограничување се соочивме по воведувањето кризна, а потоа и вонредна состојба, на дел или на целата територија на државата поради пандемијата со Ковид-19.

Ова е една од најстрогите мерки што ги презеде Владата во борбата со пандемијата. Од една страна, се ограничи движењето на граѓаните, како едно од важните човекови права, а од друга страна, со ограничувањето на ова право, на граѓаните им се ограничи и им се намали можноста за остварување други права. Покрај тоа, по донесувањето на оваа мерка, Владата најави дека нејзиното прекршување директно ќе подразбира кривична одговорност, според член 206 од Кривичниот законик.[1]

Во периодот на имплементација на проектот правниците и параправниците на терен утврдија зголемен број прекршувања на човековите права, споредено со периодот пред пандемијата. Пандемијата дополнително го отежна остварувањето на правата на лицата кои употребуваат дроги и на сексуалните работници. Лицата кои употребуваат дроги, а се од рурална средина, се соочија со неможност да го остварат правото на терапија поради воведеното ограничување на движењето. Особено ранливи беа сексуалните работнички кои доживеаја семејно насилство, бидејќи не можеа да излезат од својот дом и да го пријават истото.

Во време на пандемија, државата има обврска, од една страна, да го заштити здравјето на маргинализираните заедници, а од друга страна, има обврска да донесе мерки кои ќе го превенираат дополнителното осиромашување и маргинализација на

1 https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2021/06/chovekovite-prava-na-marginaliziranite-zaednici-vo-uslovi-na-kovid-19.pdf

ранливите заедници поради кризата, преку непропорционалниот ефект на ограничувањата на правата кон овие групи за разлика од општата популација. Непропорционалниот ефект на мерките за справување со пандемијата за маргинализираните заедници може да значи и индиректна дискриминација, преку пропуштањето да се пресретнат специфичните потреби на овие заедници. Оттука, пандемијата ги извади на површина системските проблеми со социјалната ексклузија, ограничениот пристап до правда и до јавни услуги, несоодветната заштита од дискриминација и од насилство, со кои континуирано се соочуваат овие заедници.[2]

Целта на овој извештај е преку конкретни примери да ги посочи најчестите прекршувања на човековите права на маргинализираните заедници опфатени со проектот - лицата кои употребуваат дроги, сексуалните работници, Ромите и лицата кои живеат во рурални средни.

Секоја група е различна и има специфични правни потреби, па оттука наодите од овој извештај ги надополнуваат претходно објавените извештаи за прекршените човекови права. Во извештајот се разработени 12 студии на случај, по 3 за секоја таргет-група. Секој случај е идентификуван од страна на правниците и параправниците кои работат на терен.

2 http://coalition.org.mk/wp-content/uploads/2021/06/MKD_COVID_CIP_WEB_kor.pdf

# 2

# ПРЕКРШУВАЊА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО И НЕДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ

## Факти за случајот

Во декември 2020 година клиентката, која е сексуална работничка, се обратила кај психологот на ХОПС, од каде што била упатена кај правната советничка. Клиентката пријавила дека е жртва на семејно насилство од страна на нејзиниот вонбрачен партнер, со кој има едно малолетно дете на возраст од една година.

По неколку неуспешни обиди, правната советничка телефонски ја контактира клиентката, ѝ дава совети во врска со постапката за заштита од семејно насилство, како и за можноста да ги пријави полициските службеници во Секторот за внатрешна контрола, доколку не постапиле по нејзината пријава. И покрај советувањето од страна на правната советничка, клиентката сепак одлучува да не поднесе соодветна пријава.

Следниот ден, социјалната работничка на ХОПС повторно ја контактира правната советничка на ХОПС, со цел да ја информира за тоа дека телефонски разговарала со клиентката, која ѝ кажала дека вонбрачниот партнер повторно физички ја нападнал и дека нападот го пријавила во полициска станица. Правната советничка веднаш телефонски ја контактира клиентката, која ја информира дека вонбрачниот партнер дошол на отворена сцена и физички ја нападнал и дека таа, штом се ослободила од него, се упатила во ПС Гази Баба за да го пријави нападот. Во полициската станица ѝ зеле изјава и ѝ рекле да оди на лекар за да обезбеди медицинска документација за нанесените повреди, а потоа да се врати и да ја достави документацијата и, доколку сака, да даде согласност за покренување

постапка. Правната советничка на ХОПС повторно ја контактира клиентката и ѝ ја објаснува постапката за заштита од семејно насилство, советувајќи ја да оди на лекар и да ја обезбеди потребната медицинска документација. Притоа, ѝ посочува дека случајот може да го пријави и во ЈУМЦСР на Град Скопје и дека може да побара сместување во шелтер центар за жртви од семејно насилство, што подразбира дека таа и нејзината ќерка ќе се сместат во сигурна куќа и дека адресата на таа куќа не треба да ја кажува никому и дека нема да може да излегува отттаму. Во текот на ноќта, правната советничка уште еднаш ѝ се јавува на клиентката за да провери дали била на лекар, а таа ѝ кажала дека сè уште не била, но дека ќе оди. Подоцна социјалната работничка повторно ја контактира клиентката, која ѝ пријавува дека кружејќи со возило околу Железничката станица, кај бензинската станица во близина на Хотел Континентал го видела нејзиниот вонбрачен партнер како пие кафе и разговара со полициските службеници кои неколку часа пред тоа ѝ зеле изјава за насилството што го пријавила. Социјалната работничка повторно ја мотивира да оди на лекар и да извади медицинска документација, на што клиентката ѝ ветува дека ќе оди. Во текот на викендот, вонбрачниот партнер на клиентката на социјалната работничка од ХОПС, неколкупати ѝ ѕвонел на месинџер, но таа не одговорила на повиците.

Правната советничка повторно ја контактира клиентката за да се информира до каде е случајот, но клиентката ѝ рекла дека не отишла ниту на лекар ниту во полициска станица и дека ќе размисли дали ќе го пријави партнерот во ЈУМЦСР на Град Скопје.

При теренска посета на отворена сцена, тимот на ХОПС доби информација од клиентката дека таа се смирила со вонбрачниот партнер и дека повторно се заедно.

## Обезбедена правна помош за клиентката

За клиентката е обезбедена психолошка помош и е упатена на советување кај правната советничка. Правната советничка ја советува да го пријави случајот во полициска станица и, доколку се соочи со непостапување на полицијата, да ги пријави полициските службеници во Секторот за внатрешна контрола. Недовербата на клиентката во МВР се јавува кога ќе го види својот вонбрачен партнер како разговара со полициските службеници на кои таа претходно им дала изјава.

Правната советничка повторно ѝ укажува на клиентката за можноста да поднесе пријава откако ќе ја обезбеди потребната медицинска документација, ја информира дека таа и нејзиното дете можат да бидат сместени во шелтер центар и дека случајот може да го пријави во ЈУМЦСР.

Сепак, поради нарушената доверба во институциите, клиентката не се одлучила да поднесе соодветна пријава и решила да продолжи да живее во заедница со насилникот.

## Заклучок

Евидентно е дека сексуалните работнички немаат доверба во институциите, па оттука многу ретко се одлучуваат да пријават семејно насилство од страна на својот партнер. Во конкретниот случај, и покрај тоа што клиентката го пријавила нападот, недовербата во институциите била причина клиентката да не го доврши случајот. Очигледно е дека клиентката имала доверба само во сервисите на ХОПС, но не и во институциите. Иако правната советничка ѝ дала насоки каде да се обрати за заштита, клиентката сепак одлучила да продолжи да живее во вонбрачна заедница со насилникот.

## Препораки

- Потребни се тематски обуки за сензибилизација на полициските службеници за работа со особено ранливите групи, како што се сексуалните работнички.
- Потребно е институциите да ја следат Истанбулската конвенција за пријавување семејно насилство по службена должност и заштита на жртвите, со особено внимание на ранливите групи.

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: ФИЗИЧКО И ПСИХИЧКО НАСИЛСТВО ОД КЛИЕНТ И НЕПОСТАПУВ АЊЕ ОД СТРАНА НА ПОЛИЦИЈАТА

## Факти за случајот

Клиентката е невработена, не користи гарантирана минимална помош и е мајка на 5 деца. Од страна на ХОПС за првпат е контактирана во 2005 година. Таа повеќе од 20 години работи како сексуална работничка на отворена сцена.

Во октомври, социјалната работничка на ХОПС телефонски ја контактира и ја информира правната советничка дека клиентката била физички нападната од свој клиент и дека има видливи модринки и отоци на лицето. Клиентката е советувана да го пријави случајот, да оди во болница за да ја обезбеди потребната медицинска документација за нанесените повреди и да разговара со правната советничка на ХОПС. Клиентката тој ден не сакала да разговара со правната советничка, односно сакала прво да разговара со својот партнер, па затоа е договорена средба.

На договорениот датум, правната советничка со тимот била на терен на отворена сцена, за да се сретне со клиентката. При разговорот клиентката кажала дека откако се договорила со клиент за сексуални услуги и за цена, тргнале накај зградата на МТВ, поточно кај скалите од страната на реката Вардар. Пред да започнат со сексуалните услуги, тој ѝ ги дал парите и веднаш почнал да станува насилен, односно почнал да ја кубе за косата. Таа му рекла да престане и да не ја малтретира, но тој продолжил да ѝ удира шамари, со тупаници да ја удира по главата и со нозе да ја удира по нозете, слабините и насекаде по телото, а потоа барал од неа да му ги врати парите. Клиентката имала

видливи отоци и модринки и на лицето и ѝ течело крв од носот. Додека ја тепал, таа успеала да избега. Додека бегала, ја видел чувар од околината, кој повикал полиција. Кога дошла полицијата и кога клиентката кажала што ѝ се случило, тие ѝ рекле „така и ти треба, што бараш овде кога знаеш дека е забрането да седиш тука и да бараш муштерии“. Советувана е дека нападот од нејзиниот клиент претставува насилство, како и телесна повреда, и дека може да го пријави напаѓачот во полиција, но дека е добро да има лекарска документација за нанесените повреди. Исто така, советувана е и за правото на претставка до Секторот за внатрешна контрола и НП, односно дека може да ги пријави полициските службеници за дискриминација и за тоа што не постапиле по нејзината пријава, како и за нивното недолично однесување и вербално вознемирување со погрдни зборови.

И покрај советувањето и обезбедените насоки, клиентката не беше доволно мотивирана да го пријави случајот.

## Обезбедена правна помош за клиентката

Откако клиентката го пријавила случајот кај психологот, таа ја препратила кај правната советничка. Правната советничка ја советува да го пријави случајот и непостапувањето на полициските службеници. Сепак, поради нарушената доверба во институциите, клиентката не се охрабрила да го пријави случајот.

## Заклучок

Насилството од страна на клиентите не им е непознато на сексуалните работнички. Тие се често изложени на насилство и притоа се дополнително ранливи поради непостапувањето на полицијата. Очигледно е дека сексуалните работнички немаат

доверба во институциите и дека, и покрај советувањето и насоките обезбедени од страна на правната советничка, не се охрабруваат ниту да ги пријават клиентите за претрпено насилство, ниту да ги пријават полициските службеници за непостапување.

## Препораки

- Континуирани обуки на сексуалните работнички за препознавање на прекршувањата на правата и преземање активности.
- Едукација на параправничките кои работат со сексуалните работнички на терен.
- Обуки за сензибилизација на полициските службеници и претставниците на институциите при постапување во случаи на насилство над сексуалните работнички.

## СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ДВИЖЕЊЕ

### Факти за случајот

Клиентката е на возраст од 23 години и како малолетна била жртва на трговија со деца. Во моментот живее во вонбрачна заедница, во која со партнерот имаат едно малолетно дете. Клиентката има историја на ризична бременост и животозагрозувачка состојба (за неа и за нејзиното дете). Бременоста резултирала со потешкотии за нејзиното здравје, односно клиентката добила сепса, а детето починало набрзо по породувањето. Повеќе од девет години клиентката работи како сексуална работничка на отворена сцена во Скопје.

Во јуни 2020 година, преку социјалната работничка која работи на теренот на отворена сцена, клиентката ја контактирала правната советничка, информирајќи ја дека таа и нејзиниот вонбрачен партнер на 5.6.2020 година во 16:30 часот, биле затекнати како се движат по ул. „Беласица" бб во Скопје, без дозвола за движење за време на полициски час. Откако ги запреле, полициските службеници им укажале дека постапиле спротивно на прописите, наредбите и Одлуката на Владата на РСМ за забрана и посебен режим на движење на територијата на државата и дека ќе бидат казнети. Клиентката и нејзиниот партнер се обиделе да им објаснат на полициските службени лица дека биле принудени да излезат од домот за да купат таблети против болки кои клиентката ги имала во пределот на стомакот. Поради претходната ризична бременост, како и поради тоа што пред десет месеци се породила со прво дете со царски рез и сè уште во определени периоди чувствува неиздржлива болка, тој ден (петок, 5.6.2020) таа и нејзиниот вонбрачен партнер морале да излезат во време на забрана и да одат до аптека за да купат лекови.

Правната советничка ја советува клиентката за правото на приговор и за рокот во кој може да се поднесе приговорот, но ѝ укажува дека прво треба да добие пресуда. Исто така, на клиентката ѝ е укажано дека Владата на РСМ, покрај Одлуката за забрана и посебниот режим на движење, предвидуваат и ситуации во кои граѓаните можат да се движат без дозвола и за време на забрана, како што беше во овој случај, односно дека токму за вакви случаи, аптеките работеа и во време на забрана.

На 2 јули клиентката ја контактирала правната советничка и ја информирала дека добила пресуда со која на неа и на партнерот им е одредена парична казна во висина од 123.000 денари и дека во пресудата стои дека ако не ја платат казната во рок од 6 месеци, за секоја дневна глоба судот ќе определи еден ден затвор, за наводно сторено кривично дело по чл. 206 од Кривичниот законик.

## Обезбедена правна помош за клиентката

Клиентката е советувана за правото на приговор, објаснето ѝ е дека по поднесување на приговорот, доколку судот го прифати, ќе се смета како оваа пресуда воопшто не е донесена и дека судот може да изрече пониска, но и повисока казна од веќе изречената, односно дека во ваков случај не важи забраната за менување на полошо.

Изготвен е приговор и поднесен е на суд. По извесно време, клиентката ја информирала правната советничката дека добиле покани за суд. Правната советничка ѝ објани дека тоа значи дека судот им го прифатил приговорот и им посочи на обврската да се јават на судска покана.

## Заклучок

Забраната и ограничувањето на движењето на граѓаните е една од најстрогите мерки што ги воведе Владата во борбата со пандемијата, мерка што им го отежнуваше животот на сите граѓани а особено на припадниците на најранливите заедници. Она што може да се изведе како заклучок е дека при воведувањето на исклучоците за движење во време на забрана, Владата воопшто не се водела од потребите на најмаргинализираните заедници, поради што се идентификувани случаи на несоодветно постапување на полицијата при користењето на овие исклучоци, а сето тоа резултира со кривична одговорност на граѓаните.

## Препораки

- Забраната за движење, во случаи на пандемија, да се воведува како крајна мерка, кога преносот на вирусот излегува од контрола.
- Доколку се донесе одлука за забрана на движење, при утврдување на исклучоците, Владата особено да ги земе предвид потребите на маргинализираните заедници.
- Обучување на Министерството за внатрешни работи, како надлежна институција, за тоа како да ја спроведува оваа мерка, особено кога граѓаните ги користат исклучоците.

# 3

# ПРЕКРШУВАЊА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА

# НА ЛИЦАТА КОИ УПОТРЕБУВААТ ДРОГИ

## СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: ПРЕКРШЕНО ПРАВО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА

### Факти за случајот

Клиентка која употребува дроги, повеќе од 6 години има фактички прекин на брачната заедница, но поради недостиг на финансиски средства не била во можност да отпочне постапка за развод на бракот. Нејзиниот брачен другар е со непозната адреса на живеење, па ваквите постапки за развод на бракот, со привремен застапник (адвокат), се проследени со високи трошоци кои клиентката е должна да ги покрие, со што ѝ се ограничува правото на пристап до правда.

Бидејќи е во брак, клиентката не е во можност да ги оствари правата од здравствена и социјална заштита. Во бракот немаат деца, но клиентката има две малолетни деца со нејзиниот партнер со кој живее повеќе од 5 години, а за кои нема обезбедено извод од Матичната книга на родените.

Бидејќи клиентката нема здравствено осигурување, при породувањето во јули 2020 година од страна на ЈЗУ Специјална болница по гинекологија и акушерство „Мајка Тереза“ - Чаир се пресметани приватни трошоци за породување и е пуштена од болница без никаква медицинска документација. Со ваквото постапување, на клиентката ѝ е прекршено правото на здравствена заштита, загарантирано со Уставот на РСМ, а прекршени се и Законот за заштита на пациентите и Програмата за ак-

тивна здравствена заштита на мајките и децата во РСМ, поради нееднаквиот третман и дискриминацијата на клиентката.

Постапката за развод на бракот сѐ уште не е иницирана, бидејќи прво треба да се обезбедат изводи од Матичната книга на родените за малолетните деца на клиентката, затоа што истите се родени во брак. Клиентката досега нема извршено упис на нејзините малолетни деца во Матичната книга на родените, па од тие причини прво е започната постапката за обезбедување на документите потребни за упис на нејзините малолетни деца во Матичната книга на родените. Обезбеден е извод од Матичната книга на венчаните и платени се трошоците за издавање извод.

## Обезбедена правна помош за клиентката

За прекршеното право на здравствена заштита се поднесени две претставки до Народниот правобранител и до Министерство за здравство. Адвокатката контактираше со одговорните лица, но сѐ уште нема добиено никаков одговор по претставките.

За клиентката е обезбедено застапување пред Управата за водење на матичните книги, заради обезбедување на целокупната потребна документација за упис на малолетните деца во Матичната книга на родените. Обезбедени се сите потребни документи, освен потврда од педијатар, за што е потребно лично присуство на малолетните деца. Потврдата од педијатар сѐ уште не е обезбедена поради неактивноста на клиентката, но и поради кривичната постапка што се водеше против неа, во која таа беше осудена на казна затвор. Со упатен акт клиентката беше спроведена на издржување казна затвор во КПУ Идризово, но поради судење во отсуство беше поднесено барање за

повторување на постапката. Барањето беше усвоено, по што беше закажано рочиште. Клиентката доби правна помош и застапување во кривичната постапка. Постапката е завршена со пресуда со која на клиентката ѝ е изречена алтернативна мерка – условна осуда.

## Заклучок

Клиентката се обрати со барање за поведување постапка за развод на брак, за кој има фактички прекин веќе 6 години. За барателката од страна на ХОПС е обезбедена адвокатка која ќе ја води постапката, но покрај трошоците за адвокат и за судски трошоци, клиентката треба да ги надомести и трошоците за назначениот законски застапник на нејзиниот сопруг. Во постапките за развод во кои брачниот другар е со непозната адреса, судот му одредува законски застапник, а трошоците одат на товар на тужителката, со што значително се зголемуваат трошоците и се ограничува правото на еднаков пристап до правдата. Воедно, поради тоа што клиентката е во брачна заедница, таа не може да го оствари правото на здравствена заштита и при породувањето од страна на болницата се наплатени приватни трошоци, кои таа не може да ги плати. Ова е причината поради која клиентката е испуштена од болница без документи и зошто таа не можела да обезбеди извод од Матичната книга на родените.

## Препораки

- Застапување за промена на негативната практика на болниците, кои во случај кога пациентот не може да ги плати трошоците за лекување не му ја издаваат соодветната медицинска документација/отпусно писмо и не му

даваат совети за натамошно лекување. Во Правилникот за содржината и за начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување (член 80) е предвидено дека по завршеното болничко лекување болничката здравствена установа на осигуреното лице му дава отпусно писмо и совет.

- Да се спроведуваат континуирани обуки на здравствените работници заради сензибилизација за работа со маргинализираните заедници и еднаков пристап и третман кон истите.

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: ДИСКРИМИНАЦИЈА ПРИ ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ПРИВАТНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

## Факти за случајот

Клиентката во минатото употребувала дроги и се лекувала од зависности со супституциска терапија со метадон, но лекувањето го завршила во јули 2011 година и оттогаш е стабилна и не употребува психоактивни супстанции.

Во декември 2020 година, заедно со нејзиниот вонбрачен партнер, се обратиле во Осигурителната компанија со цел да поднесат барање за остварување на правото на приватно семејно здравствено осигурување. Оттаму добиле информација дека треба да пополнат прашалник и истиот пополнет да го достават до компанијата заради негово натамошно разгледување и одобрување. На 30.12.2020 година пополнетите прашалници ги поднеле до компанијата. Клиентката навела во прашалникот дека во минатото се лекувала од зависност од дроги и дека има хепатитис Ц.

Од страна на вработено лице во осигурителната компанија кое го води нивниот предмет, клиентката добила информација дека, во согласност со условите на осигурителната компанија, поради хепатитис Ц, како претходна состојба, не може да го оствари правото на приватно здравствено осигурување. Бидејќи не добила никакво објаснување, клиентката инсистирала да добие писмен одговор, иако претходно била известена дека компанијата нема практика да дава писмен одговор на барањата. Потоа клиентката на мејл добила допис со кој се известува дека нејзинатото барање за приватно семејно здравствено осигурување е одбиено, согласно одредбите од Посебните услови

за приватно семејно здравствено осигурување на осигурителната компанија, кои предвидуваат дека со приватно здравствено осигурување може да се осигураат само здрави лица, членови на семејство на возраст од 1 до 64 години.

## Обезбедена правна помош за клиентката

Клиентката го пријави случајот кај правната советничка на ХОПС и беше информирана за можноста да поднесе претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

За клиентката е изготвена претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација заради утврдување индиректна дискриминација против Осигурителната компанија ЕУРОЛИНК АД Скопје, која е поднесена и до Мрежата за заштита од дискриминација.

Ваквите акти на осигурителните компании се дискриминаторски кон осигурениците врз основа на нивната здравствена состојба и ги ставаат во понеповолна положба, односно ги исклучуваат од можноста да се осигурат со приватно здравствено осигурување.

## Заклучок

Клиентката се обрати до ХОПС со барање за утврдување дискриминација. Имено, приватната осигурителна компанија го одбила барањето на клиентката затоа што од нејзина страна било посочено дека таа во минатото употребувала дроги и има хепатитис Ц. Со ова, приватната осигурителна компанија извршила дискриминација затоа што не ѝ овозможила на клиентката да го оствари правото на доброволно приватно здравствено осигурување. Клиентката е лице со задолжително здравствено осигурување и го исполнува условот, согласно Законот за доброволно здравствено осигурување.

Сепак, приватната осигурителна компанија посочила дека правото на доброволно приватно здравствено осигурување може да го остварат само здрави лица.

## Препораки

- Усогласување на актите на осигурителните компании со Законот со доброволно здравствено осигурување, кој предвидува дека осигуреници во приватното здравствено осигурување можат да бидат лица кои се во системот на задолжителното здравствено осигурување, согласно прописите за задолжително здравствено осигурување, но во никој случај не нагласува дека тоа право можат да го остварат само здрави лица, како што предвидуваат актите на осигурителните компании.

## СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: НЕПОСТАПУВАЊЕ ОД СТРАНА НА МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ ОД КАЗНЕНО – ПОПРАВНА УСТАНОВА И ДИСКРИМИНАЦИЈА

### Факти за случајот

Клиентката е лице кое употребува дроги и во моментот е на издржување казна затвор во КПУ Идризово. Додека ја издржува казната затвор, од страна на медицинскиот персонал при КПУ Идризово таа не добива ист медицински третман како другите осудени лица и не е соодветно третирана затоа што е лице кое употребува дроги.

Имено, поради долгогодишна употреба на дроги, клиентката има рани на нозете кои бараат редовен медицински третман и терапија, а истовремено боледува од артеросклероза и тромбоза. Докторката која ја обезбедува медицинската помош во КПУ Идризово не ја прима редовно на прегледи, а и во термини кога ја прима на преглед, не го третира соодветно нејзиниот здравствен проблем, а понекогаш и дрско се однесува кон неа и разговара на многу висок тон. Поради овие причини, клиентката е принудена да се лекува надвор од установата, тогаш кога ќе добие слободни денови. Притоа, се работи за третман и за лекови кои ги има самата установа (blokmax, tulip), а кои клиентката мора да ги прима во континуитет, како и редовно да ѝ се прави преврска на раните. Во рок од една година во установата се добиени 2 завои, 5 гази и 5 туферчиња, кои ѝ се дадени со цел сама да ги прави преврските.

Во текот на месец септември 2020 година докторот кој ја прегледал надвор од установата ја препратил на Клиниката за трансфузиологија, а по прегледот на оваа клиника, таа била препратена на подетални прегледи на Клиниката за кожни бо-

лести. Докторката од установата ѝ понудила на клиентката да ја прати на Клиниката за кожни болести дури во јануари 2021 година, односно по истекот на 4 месеци откако првично била препратена од Клиниката за трансфузиологија. Поради лошата здравствена состојба клиентката не била во можност да ги изврши потребните прегледи на Клиниката за кожни болести.

На 25 февруари 2021 година од установата била испратена на Клиниката за торакално-васкуларна хирургија, каде што по извршените прегледи е констатирано дека има синдром што треба да се третира на Трансфузиологија - секој месец, со соодветна шема. Докторката од КПУ Идризово ѝ дала рецепт за лекови за третирање на синдромот, укажувајќи ѝ дека ќе треба сама да ги набави и да ги пие лековите, без повторно да ја препрати на Клиника за трансфузиологија, со цел да добие шема за консумирање на лековите, поради што клиентката била принудена лековите да ги пие по претходно дадена шема, што може да доведе до лош, па дури и до фатален ефект (последици во вид на напредната гангрена на ногата, што може да резултира со ампутација на ногата).

Поради ваквиот третман од страна на медицинскиот персонал на КПУ Идризово, клиентката во повеќе наврати преку установата пишувала претставки до Народниот правобранител, но не добила одговор по ниту една претставка, поради што била принудена да побара помош од правниот сервис на ХОПС.

На 2.4.2021 година клиентката го пријави случајот кај правната советничка на ХОПС. Правната советничка ја информира дека таквото постапување е спротивно на законот и дека може да поднесе претставка до Народниот правобранител за да го пријави случајот. Исто така, советувана е и како да препознае доколку ја третираат поразлично од другите само затоа што употребува дроги.

## Обезбедена правна помош за клиентката

Клиентката беше мотивирана да поднесе претставка, која беше изготвена и доставена до вонбрачниот партнер на клиентката, кој истата ја достави до Народниот правобранител.

По поднесената претставка, вработено лице од Канцеларијата на Народниот правобранител ја посетил во затворот, разговарал со неа и ѝ кажал дека ќе добие писмено известување на нејзината претставка. По посетата на претставникот од Канцеларијата на Народниот правобранител, докторката веднаш ја повикала на преврска. Клиентката потврди дека односот на докторката се променил на подобро, но дека не е сигурна до кога.

## Заклучок

Клиентката се обратила во ХОПС со барање да се утврди непостапување од страна на медицинскиот персонал од КПУ Идризово и дискриминација. Поради тоа што е лице кое употребува дроги, од страна на медицинскиот персонал при КПУ Идризово таа не добива ист медицински третман како другите осудени лица и нејзиниот здравствен проблем не е соодветно третиран. Со ваквото постапување е извршена дискриминација на клиентката затоа што е зависник од дрога. Законот за извршување санкции предвидува дека на сите осудени лица треба да им се обезбеди потребната медицинска помош и болничко лекување, според прописите од областа на здравствената заштита и здравственото лекување, како и дека осудените лица кај кои ќе се утврдат одредени зависности, подлежат на медицински третман во установата, а по потреба се упатуваат во соодветна здравствена установа. И покрај тоа што Законот јасно предвидува како треба да се постапува со лицата кои има-

ат здравствени проблеми за време на издржувањето на казната затвор, сепак спроведувањето на овие одредби во практиката е проблематично. Правото на лекување е едно од основните човекови права загарантирани со Уставот на РСМ и со Законот за здравствена заштита, кои гарантираат ефикасно лекување на сите лица подеднакво.

## Препораки

- Потребни се континуирани обуки на ангажираниот медицински персонал во казнено-поправните установи заради поголема чувствителност при работата со лица кои употребуваат дроги, а со тоа и еднаков пристап и третман кон сите осудени лица.

# 4

# ПРЕКРШУВАЊА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА РОМИТЕ

## СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: ПРАВОТО НА ЛИЧНА ДОКУМЕНТАЦИЈА НА ЛИЦАТА КОИ ЖИВЕАТ ВО НЕФОРМАЛНИ НАСЕЛБИ

### Факти за случајот

Во ноември 2020 година од страна на параправник од здружението Станица П.Е.Т Прилеп е идентификувано лице на возраст од 27 години, кое од својата 18-та година, односно веќе 9 години, не поседува лична документација, односно лична карта. Причина е тоа што лицето живее во живеалиште (куќа) во неформална населба која не е дел од деталниот урбанистички план на општината и, како таква, куќата не може да биде легализирана и за истата не може да се добие имотен лист. Бидејќи имотниот лист (или договорот за закуп на недвижност) е еден од задолжителните документи при поднесувањето барање за лична карта, за да може да се потврди официјалната адреса на која живее граѓанинот – барател, лицето Ф.Б. неколкупати било одбивано при поднесување на барањето во подрачното одделение на МВР во општината во којашто живее. Поради немањето лична карта, лицето е лишено од можноста да ги оствари правата на социјална заштита, нема здравствено осигурување и е принудено да работи во неформалната економија, бидејќи не е во можност да заснова формален работен однос. Лицето, исто така, повеќе години живее во вонбрачна заедница, бидејќи не е во можност да склучи формален брак и да го признае татковството над двете малолетни деца. Откако беше идентификувано од страна на параправникот, по што беше упатено во здружението, на лицето му беше дадена помош – прво со совет

за склучување договор за закуп со роднина или со член на пошироко семејство кој поседува имотен лист, а потоа лицето беше придружувано при склучувањето нотарски договор за закуп, по што беше поднесено барање за издавање лична карта. Трошоците за овие процедури беа покриени од страна на здружението. По добивањето лична карта, веднаш беше поднесена пријава за здравствено осигурување до подрачното одделение на ФЗО, како и барање за остварување на правата од социјална заштита. Дополнително, по барање на лицето беше поднесено и барање за издавање патна исправа, како и барање за склучување брак и признавање на татковството.

Бидејќи во конкретниот случај освен за индивидуален проблем, се работи и за долгогодишен пропуст од страна на локалната самоуправа, за истото беше поднесено и барање за вклучување на неформалните населби во деталниот урбанистички план (ДУП) на општината, за граѓаните кои живеат во овие населби да можат да ги остварат своите права на лична документација и другите последователни права,  под еднакви услови како и сите други граѓани.

## Обезбедена правна и параправна помош

Лицето прво беше идентификувано од страна на параправниците кои секојдневно работат на терен и за неговиот случај беше информирано здружението. Бидејќи се работеше за покомплексен случај, лицето беше упатено во здружението и му беше даден совет, а потоа и беше придружувано при склучувањето нотарски договор за закуп. Потоа му беше дадена помош при пополнување на барањето за издавање лична карта и беше придружувано во реализацијата на истото. Трошоците за овие две постапки беа покриени од страна на здружението, бидејќи се работи за слабоимотно лице, а дел од постапките бара-

ат поголеми финансиски средства. Последователно, на лицето му беше дадена помош во пополнувањето на пријавата до ФЗО и барањето за остварување на правата од социјална заштита, како и при издавањето патна исправа. Бидејќи во конкретниот случај, покрај индивидуална постои и системска пречка, беше поднесена и соодветна реакција до надлежната институција за отстранување на пречката.

## Заклучок

Постои пречка во остварувањето на правото на лична документација, како и сите други права кои се поврзани со поседувањето лична документација, за оние граѓани кои живеат во неформални населби што се надвор од деталните урбанистички планови. Овие граѓани не можат да ги легализираат своите живеалишта и, следствено, не се во можност да добијат имотни листови за истите. Ова резултира со неможност да пријават официјална адреса на живеење и последователно да ја добијат својата лична документација. Иако за ваквите проблеми е апелирано во повеќе наврати, истите остануваат нерешени со години, создавајќи нови и нови проблеми за граѓаните кои живеат во овие населби.

## Препораки

- Потребно е да се идентификуваат сите неформални населби во Општина Прилеп, но и во другите општини каде што е присутен овој проблем, и тие да се вклучат во ДУП на Општината, односно да се овозможи легализација на живеалиштата, како и да се издаде лична документација на лицата кои живеат во овие населби, со што тие ќе можат да ги остварат и сите други последователни права.

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: ПРАВОТО НА ПРИСТАП ДО ДОБРА И УСЛУГИ НА РОМИТЕ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП

## Факти за случајот

Во јуни 2021 година, лицето Е.Б., заедно со неговата ќерка и неколку други лица припадници на ромската заедница, се упатиле на градскиот базен Маркови Кули во Прилеп, за да се разладат и да се рекреираат. На влезот на објектот им било кажано дека не можат да влезат затоа што нема слободно место. Тие останале пред базенот за да почекаат да се ослободи место и притоа забележале дека на други лица кои дошле подоцна и се обиделе да влезат, а не се Роми, им бил дозволен влез. Револтирани од ваквата постапка тие изреагирале на самото место, но повторно не добиле дозвола за влез со истиот изговор. По оваа случка, Е.Б. и дел од другите лица на кои им бил оневозможен влез во базенот се обратија во здружението Станица П.Е.Т Прилеп, при што изразија загриженост дека се дискриминирани врз основа на етничката припадност, односно дека влезот им е оневозможен само затоа што се Роми и имаат потемна боја на кожата. Ваквата практика во Прилеп е честа, но не само на ова место, туку и во другите угостителски објекти. По документирањето на случајот, здружението јавно ја осуди оваа дискриминаторска практика, на заедничка прес-конференција со градоначалникот на Општина Прилеп. На оштетените граѓани им е дадена помош во пријавувањето и организирањето мирен протест за изразување револт од ваквата практика, а од страна на здружението е поднесена претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација против градскиот базен Маркови Кули, врз основа на чл. 23 ст. 2 и 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на РСМ“ бр. 258 од 30.10.2020), поради дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, етничка или друга припадност. Во август

2021 година е добиен одговор од страна на Комисијата, во кој е утврдена директна и интерсекциска дискриминација од страна на градскиот базен Маркови Кули, а на сопствениците им е наложено да престанат со ваквата практика и јавно да им се извинат на граѓаните од ромската заедница.

## Обезбедена правна  и параправна помош

Откако оштетените лица се обратија во здружението, прво беше изречена јавна осуда поради дискриминаторската практика. Потоа, лицето Е.Б. и другите на кои им бил оневозможен влез во базенот, беа советувани за тоа на кој начин можат да организираат мирен протест и им беше дадена асистенција при изготвувањето писмен документ за пријавување на протестот кај надлежните органи. Здружението, врз основа на чл. 23 ст. 2 и 3 од ЗСЗД, изготви и поднесе претставка до КСЗД, во име на поголема група лица, припадници на ромската заедница од Прилеп. По поднесената претставка е добиено мислење од страна на КСЗД, во кое се утврдува директна и интерсекциска дискриминација, а на градскиот базен Маркови Кули во Прилеп му се наложува да престане со оваа практика и јавно да им се извини на граѓаните од ромската заедница кои биле дискриминирани.

## Заклучок

Дискриминацијата на Ромите во угостителските и во другите јавни објекти во Прилеп е долгогодишна реалност за која имало повремени реакции, но тие не го спречиле нејзиното повторување. За првпат на ваквата практика се реагираше на повеќе нивоа, преку преземање сеопфатни дејства за идентификување на проблемот и негово јавно и институционално актуализирање и санкционирање.

## Препораки

- Потребно е ваквиот организиран одговор да продолжи и во иднина, со цел да се искорени долгогодишната практика и да се овозможи еднаков пристап до добра и услуги на сите граѓани без дискриминација.

## СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: ПРАВОТО НА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦАТА КОИ НАПОЛНИЛЕ 16 ГОДИНИ

### Факти за случајот

Во септември 2020 година малолетниот Џ.Р. и неговиот родител се обратија во здружението за помош и асистенција со цел Џ.Р. да може да го продолжи своето образование. Имено, малолетното лице кое во моментот на документирање на случајот имаше наполнето 16 години, поради задоцнување со уписот во основно образование, во тековната учебна година требало да биде ученик во VIII одделение во основно училиште. Меѓутоа, согласно чл. 71 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ“ бр. 161 од 5 август 2019 година) предвидено е дека ученикот кој наполнил 16 години, а сè уште не завршил основно образование, да го продолжи образованието во рамките на програмата за основно образование за возрасни. На ученикот му било кажано дека во новата учебна година тој веќе нема да може да посетува настава во неговото училиште, туку дека тоа треба да го направи во работничкиот универзитет „Пере Тошев“. По проверка на состојбата и остварена комуникација со основното училиште, како и согласно Законот за образование за возрасни („Службен весник на РМ“, бр.7 од 15 јануари 2008 година), утврдено е дека основните училишта можат да организираат образование за возрасни, за што треба да добијат сертификат од ЈУ Центар за образование за возрасни. Понатаму, Законот предвидува дека Министерството за образование и наука има надлежност да донесува национални рамковни наставни планови и програми за образование на возрасни. Во конкретниот случај, иако училиштето каде што ученикот посетувал настава имало сертификат за организирање образование

за возрасни, тоа не можело да го организира образованието за возрасни затоа што Министерството нема изготвено програма за образование на возрасни за деветгодишно основно образование. Според вака утврдената состојба, на 28.9.2020 здружението Станица П.Е.Т Прилеп поднесува барање до Министерството за образование и наука, во кое се посочува на проблемот и се укажува на потребата од итно изнаоѓање соодветно решение. Иако не е добиен официјален одговор од страна на МОН, на 24.12.2020 година Министерството донесува Правилник за начинот на запишување на децата кои не се вклучени во наставата, а се со надмината возрасна граница. Овој правилник делумно го решава проблемот на учениците кои се со надмината возраст во рамките на основното образование, предвидувајќи нивно вклучување во редовното образование до VI одделение, односно до возраст од најмногу 15 години. Но, сѐ уште постои еден вакуум за учениците кои наполниле 16 години, а треба да го продолжат своето основно образование во VII или во VIII одделение.

## Обезбедена правна и параправна помош

Случајот на терен прво беше идентификуван од страна на параправник на здружението, по што малолетното лице и неговиот родител беа упатени во здружението. Откако беше документиран случајот, беше направена проверка на заднината на проблемот, преку разговор со вклучените институции и преглед на законската регулатива. Здружението подготви и испрати ургенција до надлежното министерство. Во меѓувреме, остварена е усна комуникација со претставници од Министерството, чиј одговор се сведува на тоа дека не Министерството, туку училиштата се надлежни за носење програма за образование за возрасни, а дека Министерството треба само да ги одобри тие

програми. Во конкретниот случај таква програма сѐ уште нема, па статусот на овие деца сѐ уште не е решен. Со донесувањето на Правилникот за начинот на запишување на децата кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница, се решава статусот на децата на возраст до 15 години и до шесто одделение во основно образование, но не и на оние деца кои имаат наполнето 16 години, а треба да учат во VII или во VIII одделение во основното образование.

## Заклучок

Постои недореченост и законски вакуум во однос на регулацијата на начинот на продолжување на основното образование на децата кои наполниле 16 години, а треба да учат во VII или во VIII одделение. Истите не можат да бидат вклучени во редовното образование, а во рамките на образованието за возрасни постои недостиг на соодветна распределба на обврските и надлежностите меѓу самите основни училишта и Министерството за образование, кои меѓусебно ја префрлаат топката околу тоа кој е надлежен за носење на програмата за образование на возрасни. Резултат на сево ова е немањето соодветна програма за образование за возрасни за деветгодишно основно образование и нерешениот статус на овие деца.

## Препораки

- Потребно е итно преземање мерки од страна на Министерството за образование и наука за институционално усогласување и координација во однос на надлежностите, по вертикална линија, за да се реши ова прашање и да им се овозможи на сите деца да имаат еднаков пристап до образование.

# 5

# ПРЕКРШУВАЊА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА ЛИЦАТА КОИ ЖИВЕАТ ВО РУРАЛНА СРЕДИНА

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: ПРАВОТО НА ДРЖАВЈАНСТВО НА ЛИЦАТА КОИ ИМААТ ПОСТОЈАН ПРЕСТОЈ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Факти за случајот

Во март 2021, од страна на параправник од здружението беше идентификувана А.К., странска државјанка која живее во Република Северна Македонија веќе 13 години, од кои последните 7 години има регулиран непрекинат постојан престој. Таа е мајка на две малолетни деца, а од пред 5 години и вдовица, откако нејзиниот сопруг починал. Живее во рурално место, во семејна куќа, слабоимотна, а основна егзистенција обезбедува преку земјоделска дејност - производство на тутун. Пред 4 години, една година по смртта на сопругот, А.К. поднела барање за прием во државјанство, откако го исполнила условот од чл. 9 ст. 1 од Законот за државјанство („Службен весник на РМ" бр. 67/92 со измените и дополнувањата бр. 8/04, 98/08, 158/11, 55/16 и 174/21), врз основа на тоа што е во брак со државјанин на Република Северна Македонија и до поднесување на барањето има непрекинат престој во државата од најмалку 3 години. По поднесување на барањето, А.К. четири години не добила никаков одговор од надлежниот орган, односно од Министерството за внатрешни работи, па покрај барањето поднела и една реакција преку полномошник-адвокат. Откако случајот беше идентификуван на терен, А.К. беше упатена во здружението, каде што случајот беше документиран, а потоа таа беше придружувана директно до подрачното одделение на МВР, со цел да се провери каква е ситуацијата со нејзиното барање, од-

носно дали може да се добијат повеќе информации во врска со барањето. Оттаму беше добиена информација дека документацијата е во централниот Оддел за граѓански работи при МВР и дека одговор треба да се добие оттаму, како и дека, вообичаено, за одговор на ваквите барања се чека подолго време. Во март 2021 од страна на здружението беше изготвена и поднесена ургенција до МВР, во која беше побарано предметот да се реши итно и без одложување и се укажа на тоа дека е недозволиво за одговор на ваквите барања да се чека по повеќе години, во ситуација кога постои законски рок од 30 дена. Имено, иако во Законот за државјанство, како посебен закон, не е предвиден рок во кој надлежниот орган треба да одговори на поднесеното барање за прием во државјанство, ваквиот рок е предвиден во Законот за општа управна постапка („Службен весник на РМ" бр. 124/2015), кој во случајов претставува општ закон, каде што во чл. 93 е предвидено дека управната постапка во прв степен, поведена по барање, се завршува во најкус можен рок, најдоцна во рок од 30 дена од нејзиното поведување. По поднесената ургенција, во рок од еден месец е добиено решение по однос на барањето, со кое барањето на А.К. е одбиено, затоа што нејзиниот сопруг починал една година пред поднесување на барањето, со што се смета дека и бракот престанал, па така таа не го исполнила условот за три години брак со македонски државјанин, односно тој брак траел само две години откако таа стекнала непрекинат престој во државата. Против ова решение беше дозволено поведување управен спор. Во конкретниот случај, до добивањето одговор А.К. веќе имаше 8 години непрекинат престој во државата, со што го исполнуваше условот за стекнување државјанство без разлика на брачниот статус, па беше одлучено наместо да се поведе управен спор за претходното барање, да се поднесе ново барање за прием во државјан-

ство. Во моментот на подготовка на овој извештај, во тек е комплетирањето на документацијата за поднесување ново барање за прием во државјанство.

## Обезбедена правна и параправна помош

Случајот на терен прво беше идентификуван од параправник во здружението. Откако истиот беше документиран, лицето - во придружба на параправник и правник од здружението - беше упатено кај надлежниот орган, со цел да се добијат повеќе информации. Потоа, од страна на правник од здружението беше подготвена писмена ургенција до МВР, поради одолжување на постапката по барање за прием во државјанство. По добиениот одговор, на А.К. ѝ беа дадени совети во врска со опциите за поведување управен спор или за поднесување ново барање, со оглед на исполнетиот услов за прием во државјанство со непрекинат престој од 8 години, без разлика на брачниот статус. Откако од страна на А.К. беше донесена одлука за поднесување ново барање, таа беше упатена во процедурата за обезбедување на потребната документација, која во времето на подготовка на овој извештај е сè уште во тек.

## Заклучок

Постои општа практика на одолжување на барањата за прием во државјанство од страна на Одделот за граѓански работи при МВР, која се провлекува со години. Во конкретниот случај се работеше за одолжување од повеќе од 4 години, а во меѓувреме беа идентификувани уште неколку вакви случаи во кои за одговор се чекало од една до три години, па дури и повеќе. Како што беше напоменато во самата ургенција до МВР, тоа што во Законот за државјанство не е предвиден рок за одговор по барањата за прием во државјанство, не значи дека таков рок не

постои, бидејќи истиот е предвиден во Законот за општа управна постапка, како општ закон, и изнесува 30 дена од приемот на барањето.

## Препораки

- Потребно е да се спроведе внатрешна контрола на работењето на Одделот за граѓански работи, односно да се провери на каков начин и во кој рок се процесираат поднесените барања, со цел на сите граѓани под еднакви услови да им биде овозможен прием во државјанство и остварување на сите други права што произлегуваат од ова право.

## СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: ПРАВОТО НА ПРАВИЧЕН И СООДВЕТЕН ОТКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

### Факти за случајот

Во декември 2020 година од страна на параправник од здружението Станица П.Е.Т Прилеп беше идентификуван П.Р., заедно со неколку други земјоделци – тутунопроизводители, кои се пожалиле на неправичен и несоодветен откуп на тутунот од реколтата 2020, по ниски откупни цени од 130 до 140 денари и несоодветно сортирање на тутунот - во најголем дел во III и IV класа, дури и за висококвалитетен тутун кој претходните години бил сортиран во I и II класа. Тие се пожалиле дека немаат соодветна заштита од здруженијата на тутунопроизводителите, ниту од Државниот инспекторат за земјоделство и дека сметаат дека се оставени сами на себе. По документирање на случајот и проверка на состојбите на терен и на законската регулатива, од страна на правник од здружението беше изготвена и поднесена ургенција до повеќе институции, меѓу кои и до Владата на РСМ, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот инспекторат за земјоделство и др. Во ургенцијата беше посочено дека е од исклучителна важност придржувањето до правните гаранции определени од чл. 35 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, според кој: „Откупот на тутун се врши според мерила и методи за квалитативна и квантитативна проценка на тутунот...“, а во чл. 33 е нагласено дека: „Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, врз основа на записник од Државниот инспекторат за земјоделство, со решение го брише запишаниот откупувач од Регистарот во следниве случаи: ...ако не ги отвора одобрените откупни пунктови, врши откуп на тутун спротивно на законот и не врши проценка согласно Правилни-

кот за мерила и методи за квалитативна и квантитативна проценка на суровиот тутун во лист“. Во ургенцијата беше истакнато барање за итно организирање средба со тутунопроизводителите, за да се постигне договор за заеднички разумни решенија кои ќе го оправдаат трудот и тешките заложби на тутунарите, но и за почитување на законските услови определени со Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи и со Правилникот за мерилата за квалитативна и квантитативна проценка на суровиот тутун во лист. По поднесената ургенција беа добиени писмени одговори од Владата на РСМ и другите институции и здруженија до кои беше доставена, а министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од неколку дена реализираше средба со тутунопроизводителите, во насока на изнаоѓање заеднички прифатливи решенија. Во периодот што следуваше, дел од барањата на тутунопроизводителите беа прифатени, а дел до нив останаа нереализирани, со што откупот на тутун беше делумно подобрен, но сепак со одредени штети по земјоделците.

## Обезбедена правна и параправна помош

Случајот на П.Р. и другите земјоделци-тутунопроизводители беше идентификуван преку работата на параправниците во руралните средини, каде што голем дел од населението се занимава со земјоделска дејност. По документирање на истиот, беше направена проверка на состојбите на терен, како и поверка на законската регулатива, по што беше изготвена и поднесена ургенција врз основа на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, како и Правилникот за мерилата за квалитативна и квантитативна проценка на суровиот тутун во лист. По средбата на надлежниот министер со земјоделците, случајот и натаму ќе се следи (за време на целиот процес на

откуп на тутунот), а здружението ќе им биде достапно на земјоделците кои имаат потреба од поднесување пријави до Државниот инспекторат за земјоделство.

## Заклучок

Лошите услови под кои започна откупот на тутун во декември 2020 доведоа до организирање масовни протести, кои беа особено ризични во време на значително зголемување на бројот на заболени од ковид-19, како и до целосно стопирање на откупот на тутун, со повлекување на повереницте од откупните пунктови, при што немаше законска можност за правилно и квалитетно спроведување на откупот.

## Препораки

- Потребна е навремена координација и овозможување правичен и соодветен откуп на тутунот, како и спроведување редовни и навремени контроли од страна на Државниот инспекторат за земјоделство, за да се овозможи постигнување разумни решенија кои ќе го оправдаат трудот и тешките заложби на тутунарите, но и почитување на законски предвидените услови за проценка и откуп на суровиот тутун во лист.

## СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: ПРАВОТО НА НАДОМЕСТОК - СУБВЕНЦИИ ОД ЗЕМЈОДЕЛСКА (СТОЧАРСКА) ДЕЈНОСТ

### Факти за случајот

Во јули 2021 година, во рамките на едукативниот караван низ повеќе рурални средини, беше идентификуван случајот на В.Г., како и на неколку други сточари и пчелари, кои и по изминувањето на еден месец од законски предвидениот краен рок за исплата на субвенции за обележани грла добиток и пчелни семејства, не добиле никаков надоместок од страна на државата. Тој истакна дека во изминатите години практиката била субвенциите да се исплаќаат најдоцна до март во тековната за претходната година, а ова е првпат, по многу години, да има такво одолжување, и тоа во време на здравствена и економска криза. В.Г. посочи дека доколку наскоро не им бидат исплатени субвенциите, многу сточари и пчелари ќе се откажат од оваа дејност, бидејќи нема да имаат никаков финансиски бенефит од истата. По документирањето на случајот, кон крајот на јули 2021, од страна на здружението беше изготвена и поднесена ургенција до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот инспекторат за земјоделство, како и до надлежната Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој и Агенцијата за храна и ветеринарство. Во ургенцијата беше истакнато дека согласно чл. 61 ст. 2 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на РМ" бр. 49/2010, 53/2011, 126/2012, 15/2013, 69/2013, 106/2013, 177/2014, 25/2015, 73/2015, 83/2015, 154/2015, 11/2016, 53/2016, 120/2016 и 163/2016), исплатите се вршат директно на земјоделските стопанства во тековната календарска година или најдоцна до 30 јуни следната календарска година, а во конкретниот

случај тој законски предвиден краен рок е изминат за цел месец, со што директно е загрозена дејноста, економската стабилност и континуитетот на земјоделските стопанства. Иако не е добиен писмен одговор од страна на надлежното министерство, од страна на сточарите беше добиена информација дека исплатата на субвенциите за 2020 година започнала во текот на месец август 2021.

## Обезбедена правна и параправна помош

Случајот на В.Г. беше идентификуван преку една од теренските активности за едукација и информирање на населението. По неговото документирање и по проверката на законската регулатива и основите, од страна на здружението беше изготвена и поднесена ургенција до надлежните органи, во која беше укажано на законски предвидениот рок од Законот за земјоделство и рурален развој, како и на развојните цели на националната земјоделска политика предвидени во истиот закон, а особено целта која предвидува обезбедување стабилно ниво на доход на земјоделското стопанство. Во самата ургенција беше истакнато дека со нередовната исплата на надоместокот се повредува исполнувањето на оваа цел и се прекршуваат законски загарантираните права на земјоделците. На ваков начин, преку индивидуалниот случај на В.Г., беше идентификуван системски проблем со кој се засегнати поголема група граѓани и истиот беше соодветно адресиран.

## Заклучок

Нередовната исплата на финансиска помош – субвенции за производителите е на штета на спроведувањето на целите на националната земјоделска политика и на штета на индивидуалните земјоделци.

## Препораки

Потребно е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и надлежните агенции, да вршат редовна исплата во законски предвидениот рок, а Државниот инспекторат за земјоделство да врши редовна контрола над навремената исплата на субвенциите, со цел непречено извршување и континуитет во земјоделската дејност, остварување на правата на производителите и заштита и унапредување на земјоделската политика, што е во интерес на целото општество.